Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија, согласно член 34 став 2 и член 41 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 25.05.2021 година, донесе:

**П Р А В Н О  М И С Л Е Њ Е:**

**Со запишување на прибелешка на налогот за извршување во имотен лист во катастарот на недвижностите, врз недвижност на стечајниот должник пред отварање на стечајна постапка, доверителот не се стекнува со својството на разлачен доверител и право на одвоено намирување од недвижноста.**

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 128 став 1 од Законот за стечај, доверителите кои имаат заложно право или право на намирување на некој предмет или права што се запишани во јавни книги (во Државниот завод за геодетски работи, Централниот регистар, во други соодветни регистри и слично), имаат право на одвоено намирување на тој предмет или право според закон.

Според член 168 став 2 од Законот за извршување, со прибелешката доверителот стекнува право своето побарување да го намири од недвижноста (право на намирување) и во случај трето лице подоцна, односно по прибележување на налогот за извршување врз истата недвижност да стекне право на сопственост или право на располагање, освен во случај кога ќе дојде до реализирање на предбележувањето со укнижување во јавната книга согласно одредбите на Законот за катастар на недвижности.

Во ставот 3 од истиот член е нормирано дека доверителот кој барал извршување, а порано не стекнал заложно право, со прибелешката на налогот за извршување врз недвижности стекнува право од недвижноста да се намири пред лицето кое подоцна ќе стекне заложно право врз таа недвижност или право на намирување.

Поаѓајќи од содржината на погоре наведените одредби од Законот за извршување произлегува дека доверителот со запишување на прибелешката на налогот за извршување од недвижноста на должникот не се стекнува со заложно право над оваа недвижност, туку стекнува единствено право своето парично побарување да го намири од недвижноста во случај трето лице подоцна врз истата недвижност да стекне право на сопственост или право на располагање како и со право да се намири од недвижноста пред лицето кое подоцна ќе стекне заложно право врз таа недвижност или право на намирување. Во смисла на ова доверителот не се стекнал со заложно право врз предметната недвижност на должникот, па нема право на одвоено намирување од недвижноста согласно член 128 од Законот за стечај при состојба кога над должникот е отворена стечајна постапка.

**Врховен суд на**
**Република Северна Македонија**
**Оддел за граѓански дела**